РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVES
Бр. 21-987/1
26.09. 2023 год.

Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Општина Крушево, на ден 26.09.2023 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за село Саждево, општина Крушево, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Крушево, www.krusevo.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за село Саждево, општина Крушево, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува 45,92 ха. Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. На ниво на планскиот опфат намени кои се планирани се:

А – ДОМУВАЊЕ
А1 – Домување во станбени куќи
В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
В1 – Образование и наука
В4 – Државни институции
В5 – Верски институци
Г – ПРОИЗИВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија
Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило
Д3 – Спорт и рекреација
Д4 – Меморијални простори
Е – ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници).

Овој плански документ нема значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

4. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 21-987/1

Датум: 26.09.2023г.

Место: општина Крушево

Општина Крушево
Градоначалник,
м-р Томе Христоски

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички план за село Саждево, општина Крушево |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Ин-Пума Институт за урбанизам, сообраќај и екологија |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Градоначалник на општина Крушево |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Др. Милена Шундовска, дипл. арх. |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | 02/2461-451 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Планот е усогласен со законска регулатива актуелна во периодот на одобрување на планската програма, како што е: Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на Република Македонија број 142/15). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да Х<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| - Просторен план на Р.С.Македонија<br>- Општ Акт за Село Саждево. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| На ниво на план не е утврдено дали проектите влегуваат во Прилог I или Прилог II, односно Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина или се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не. |

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Основна цел на Урбанистичкиот план за село е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат и детална разработка на дел од блоковите. Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во Урбанистичкиот план за село со кој е уреден планскиот опфат како што се намената на земјиштето и објектите, регулационите линии, заклучно со утврдени градежни парцели и површини за градење на ниво на сите блокови утврдени во планскиот опфат, регулација на мрежата на сообраќајници и комунални инфраструктури, односно регулација на речни корита и водотеци со дефинирање на профили (со обезбедена соодветна согласност од надлежен орган согласно закон), како и за сите други нумерички плански параметри во УПС Саждево.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2020 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

10 години.

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Планскиот опфат претставува делумно изградено земјиште за кое Крушево е сместен на оддалеченост од 30 км од градот Крушево.

Границите на планскиот опфат за предметниот УПС Саждево, Општина Крушево, со површина од 45,92 ха, односно:

- на север границата се движи по локално патче со КП 93, локален пат по КП 106, КП 123, КП 124, локален пат по КП 125, КП 127/ 2, КП 138, КП 137, КП 136, пресекува корито на река со КП 629, КП 166, КП165, КП164, КП163, КП 162, КП 161, КП 157, КП 156 и го пресекува коритото на река со КП 171;

на исток продолжува по катастарски парцели КП 380, КП 379, КП 375, КП 374, КП 354, го пресекува коритото по река со КП 628, КП 54 и КП 56;

- на југ границата продолжува по катастарската парцела на пат за с. Јакреново со КП 633, КП 637, пресекува локален пат со КП 300/1, КП 378 и КП 380;

- на запад продолжува по КП 211, го пресекува патот со КП 218, КП 221, КП 203, КП 202, КП 201, КП 200, КП 199, ја песекува реката со КП 628, КП 272, КП 271, КП 270, КП 269, КП 268, КП 267, го пресекува локалниот пат со КП 632, КП 291, дел од КП 293 и го пресекува патот за с. Јакреново.








**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☐
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)**

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**
Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од: Несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, влијанија врз амбиенталниот воздух.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |

| | |
|---|---|
| **животната средина и животот и здравјето на луѓето** | |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животнатасредина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Локалитетот се наоѓа на релативно рамен терен и во некои делови поволен за градба.<br>Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во Општина Крушево на која што припаѓа селото Саждево регистрирани се вкупно 9684 жители, додека само во селото Саждево живеат вкупно 393 жители. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Позитивно влијание врз социо-економскиte развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** |
| Областа со реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт.<br>Целта на планскиот концепт е да се изврши хармонизација на просторните чинители во единствен препознатлив амбиент со дефинирани функции, односно наменски употреби на земјиштето. Урбанистичкиот план, како плански развоен документ треба да го постигне следното:<br>• Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;<br>• Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;<br>• Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето (како необновлив ресурс) и системите на |

| | |
|---|---|
| infraструктурата;<br>• Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за село Саждево, Општина Крушево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>На подрачјето на катастарската општина Саждево, кое е предмет на анализа нема регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат). |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Земјиштето на предметниот простор со површина од 45,96 ха е ангажирано воглавно со намена А1 – домување во станбени куќи. Во селото Саждево од објекти од јавен интерес има едно основно училиште деветолетка "Никола Карев" и постоечка џамија- објект од верски карактер во чија близина има и муслимански гробишта и уште една локација со нови муслимански гробишта лоцирана на свероисточната страна на селото.<br>Селото Саждево спаѓа во групата на средни села со број на жители 393 (во рамки од 301 до 800). Односот помеѓу бројот на жители и територијата на која тие се распространети покажува просечната бруто густина на домување од 8.5 ж/ха. Во дополнение на личниот увид на терен од страна на планерот, како релевантен податок може да послужи и ажурираната геодетска подлога во која се евидентирани вкупно 276 објекти (во кои спаѓаат и помошните објекти).<br>Доминира станбен фонд, односно објекти од групата на класа на намена А (каде што преовладува домување во станбени куќи со селско стопански дворови - А1) каде се евидентирани индивидуални домаќинства во кои живеат семејства со различна семејна и староснa структура. Имено, се забележуваат едносемејни и двосемејни, а ретко и повеќе семејства.<br>Застапеноста на земјиште од група на класа на намена А – намена домување изнесува 17,05<br>ха, односно процентуална застапеност од 37,11%.<br>Застапеноста на земјиште од група на класа на намена В – јавни институции изнесува 0.28 ха, односно процентуална застапеност од 0,62%.<br>Застапеноста на земјиште од група на класа на намена Д |

| | |
|---|---|
| | – зеленило и рекреација изнесува 1,51 ха, односно процентуална застапеност од 3,38%.<br>Застапеноста на земјиште од група на класа на намена Е – инфраструктура, во рамки на планскиот офат постои вкупно 1 трафостаница (комунална супраструктура) која не влијае со својата процентуална застапеност во вкупниот биланс на застапени површини.<br>Од комуналната инфраструктура под патишта (земјени и асфалтни) припаѓа површина од 3,13 ха, со процентуалната застапеност во однос на целиот опфат на селото од 6.82%.<br>Во рамки на опфатот се забележува присуство на водена површина од 2,42 ха, со процентуалната застапеност во однос на целиот опфат на селото од 5,2%.<br>Неизградената земјиште зафаќа површина од 21,50 ха, со процентуалната застапеност во однос на целиот опфат на селото од 46,79%. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со Урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.

Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

| |
|---|
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за стопански развој во општина Крушево, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл. Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза на одредени проекти може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:<br>Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектите;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во други планирани објекти;<br>Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води;<br>Почва: несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;<br>Природно и културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од културно и историско значење;<br>Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;<br>Транспорт: зголемена фрекфенција на возила;<br>Отпад: генерирање на отпад.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот, начинот на греењето на објектите, неправилно постапување со отпадните води од објектите може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на** |

| |
|---|
| **оцена.**<br>Урбанистички план за село Саждево, општина Крушево е поврзан со следниве документи:<br>• ЛЕАП за општина Крушево;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |

| | |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>Томе Христоски |
| **Бр.** 21-987/2<br>**Датум** 26.09.2023 год.<br>**Место** Општина Крушево | М.П. |